# АНАЛИЗА НА ПРАВОТО НА УПОТРЕБА НА ЈАЗИКОТ, ПРАВО НА ИНФОРМИРАЊЕ НА СВОЈ ЈАЗИК ПРЕКУ ЕЛЕКТРОНСКИТЕ И ПЕЧАТЕНИТЕ МЕДИУМИ И ПРАВО НА УПОТРЕБА НА СИМБОЛИ НА ПРИПАДНИЦИТЕ НА ЗАЕДНИЦИТЕ КОИ СЕ ПОМАЛКУ ОД 20 % ВО РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

**ОКТОМВРИ 2016 ГОДИНА**

**СКОПЈЕ**

# ПРЕДГОВОР

Врз основа на одлуката на Агенцијата за остварување на правата на заедниците бр.01-101/1 од 21. 06. 2016 година се задолжува Одделението за следење на остварувањето, унапредувањето и заштитата на правата на припадниците на заедниците да изготви анализа на правото на употреба на јазикот,право на информирање на свој јазик преку електронските и печатените медиуми и право на употреба на симболи на припадниците на заедниците кои се помалку од 20 % во РМ.

Агенцијата за остварување на правата на заедниците согласно Законот за унапредување и остварување на припадниците на заедниците кои се помалку од 20 % од вкупното население на Р.М. (Сл. весник бр.92 од 22 јули 2008 год.) и Закон за употреба на јазик што го зборуваат најмалку 20% од граѓаните во Република Македонија и во единиците на локалната самоуправа (Сл. весник бр.101 од 13 август 2008 год.) , "остварувањето и унапредувањето на правата на припадниците на зедниците кои се помалку од 20 % од населението, се однесува на правата во обласа на вработувањето согласно со принципот на соодветна и правична застапеност на припадниците на заедниците, употребата на јазикот, образованието (основно, средно и високо) , културата и други области во кои со закон се уредени правата на припадниците на зедниците"
( член 3).

**ПРАВО НА УПОТРЕБА НА ЈАЗИК**

Јазикот е важен елемент на идентитетот. Државата има интерес во комуникација со сите нејзини граѓани, со цел да се зајакне лојалноста и чувството на сопственост и припадност кон државата. За граѓанин, да се обрати на неговиот мајчин јазик, за да може да комуницира со властите и да учествува во политичкото донесување на одлуки на мајчин јазик е клуч за идентификација со државата. Да се мора да се комуницира на друг јазик различен од вашиот мајчин јазик, сепак, може да отуѓи и да може да биде пречка за ефикасен пристап до услуги, како и учество во јавниот живот. Познавањето на јазици, вклучително и на службениот јазик/ци на државата, може да придонесе за поефективна држава, за конкурентност во областа на економијата и за разбирање меѓу заедниците. Јазичните политики имаат важно влијание на социјалната кохезија.

Охридскиот рамковен договор и Уставот гарантираат дека покрај македонскиот јазик со неговото кирилско писмо, кој било друг јазик што го зборуваат најмалку 20% од граѓаните и неговото писмо, исто така, е службен јазик, со со одредени спецификации и квалификации.

Понатаму, во единиците на локалната самоуправа во која најмалку 20% од населението зборуваат јазик различен од македонскиот јазик и неговото писмо и нивниот јазик ќе се употребува како службен јазик. Во однос на јазиците на кои зборуваат помалку од 20 % од населението во единицата на локалната самоуправа, локалните власти ќе одлучат за нивната употреба во јавните тела. Исто така, било кои лични документи на граѓаните кои зборуваат службен јазик различен од македонскиот, исто така ќе бидат издадени и на тој јазик, дополнително на македонскиот јазик.

## 1. Правна рамка

Согласно Уставот на РМ и амандманите од 2001 година, Републиката ја гарантира заштитата, меѓудругото, и на јазичниот идентитет на сите заедници.

Согласно Амандман V од Уставот на РМ личните документи на граѓаните кои зборуваат службен јазик различен од македонскиот јазик, се издаваат на македонски јазик и неговото писмо, како и на тој јазик и неговото писмо во согласност со закон.

Употребата на јазикот што го зборуваат најмалку 20% од граѓаните во РМ и во единиците на локалната самоуправа, во РМ е регуларана со посебен закон - Закон за употреба на јазик што го зборуваат најмалку 20% од граѓаните во Република Македонија и во единиците на локалната самоуправа (Сл. весник бр.101 од 13 август 2008 год.).

Во органите на државната власт во РМ службен јазик различен од македонскиот јазик, може да се користи во согласност со закон.

## 2. СПРОВЕДУВАЊЕ НА ПРАВОТО ВО ПРАКСА

### УПОТРЕБА НА ЈАЗИКОТ НА ЗАЕДНИЦАТА КАКО СЛУЖБЕН ВО ЛОКАЛНАТА САМОУПРАВА

Во општините службен јазик е македонскиот јазик и неговото кирилско писмо, како и јазикот и писмото кои го користат најмалку 20% од жителите на општината.

Во оние случаи кога бројноста на определена заедница во една единица на локалната самоуправа не го достигнува бројот од 20% од вкупното население во таа општина, а сепак населението од таа заедница живее во значителен процент во општината или пак таа општина претставува традиционално место на живеење за определена етничка заедница, законодавецот определил дека за употребата на јазиците и писмата на кои зборуваат помалку од 20 % од жителите на општината одлучува советот на општината. Ваквата одлука се усвојува со мнозинство гласови од присутните членови на советот, при што мора да има мнозинство гласови од присутните членови на советот кои припаѓаат на заедниците кои не се мнозинско население во општината. На овој начин самата општина може преку афирмативни мерки да придонесе кон јакнење на мултиетничкиот карактер и зголемување на пристапот до општинските јавни сервиси и услуги за населението од конкретната заедница.

| **Листа на општини и службени јазици / јазици на употреба на помалубројните заедници** | |
|---|---|
| **Општина** | **службен јазик /јазик на употреба** |
| **Куманово** | македонски, албански, српски* и ромски јазик* |
| **Маврово и Ростуше** | македонски и турски јазик |
| **Старо Нагоричане** | македонски и српски јазик* |
| **Вранештица** | македонски и турски јазик |
| **Шуто Оризаре** | македонски и ромски јазик |
| **Центар Жупа** | македонски и турски јазик |
| **Пласница** | македонски и турски јазик |

| | |
|---|---|
| **Гостивар** | македонски,албански и турски* |
| **Врапчиште** | македонски,албански и турски јазик* |
| **Чучер Сандево** | македонски ,албански и српски јазик |
| **Крушево** | македонски,албански и влашки јазик |
| **Кичево** | македонски,албански и турски јазик* |
| **Долнени** | македонски, албански, турски* и босански јазик* |
| **Студеничани** | македонски, албански, турски* и босански јазик* |
| **Чаир** | **македонски,албански и турски јазик** |
| (*) = Јазици воведени со одлука на Советот на општината (заедници помали од 20%) | |

Општина Гостивар е општина со доминантно албанско население, додека Македонците претставуваат најголемо малцинство на локално ниво по што следува турската заедница со приближно 10% учество во вкупното општинско население. Со одлука на советот на оваа општина, турскиот јазик заедно со македонскиот и со албанскиот е внесен во употребата во сите општински органи, вклучувајќи ги администрацијата и јавните служби. Секој поединец во општина Гостивар има право на слобода на изразување, што вклучува и слобода на примање, барање и давање информации и идеи на еден од службените јазици по сопствен избор без било какво попречување. Загарантирана е комуникацијата на еден од трите службени јазици, а услугите и службените документи граѓанинот може да ги добива на еден од тие јазици. Случајот на Гостивар презентира еден широк модел на употреба на малцински јазик преку користење на правните можности кои произлегуваат од Законот за локалната самоуправа, со што се стреми кон негова рамноправност и изедначување при употребата со јазиците кои веќе имаат загарантирана службена употреба. Според истражувањето спроведено од страна на МЦМС во текот на 2010 година, во пракса постои нецелосно спроведување на одлуката на Советот на општина Гостивар пред се поради недостаток на човечки и материјално- технички предуслови. Од друга страна, Советодавниот комитет на РКНМ забележал дека ромскиот јазик, иако ги исполнува критериумите согласно законот за стекнување со правен статус на службен јазик во општината Шуто Оризари, истиот не се користи во локалната администрација.

Во општина Куманово, иако одредени заедници се застапени под 20% во вкупното население на општината, сепак употребата на нивните јазици е уредена на општинско ниво. Со одлука на Советот на општината се уредува употребата на српскиот и ромскиот јазик и нивните писма во работата на советот како јазик и писмо на кој зборуваат помалку од 20% од жителите на Општината Куманово, како и во други случаи пропишани со закон. На седниците на Советот на Општината Куманово, членовите на советот, припадници на

српската и ромската етничка заедница и другите етнички заедници, можат да го употребуваат мајчиниот јазик и писмо.

Во општина Кичево, иако турската заедница е под 20% од вкупното население на општината, Советот на Општина Кичево на 27.06.2016 година ја прифати иницијативата на Градоначалникот на Општина Кичево за донесување на Нацт-Одлука за употреба на турскиот јазик во Општина Кичево.

Во опшина Долнени,иако турската и бошњачката заедница е под 20% од вкупното население на општина ,со псебна Одлука на Советот на Општина Долнени на 25.11.2005 година е донесена користење на јазикот и писмото на заедниците кои се под 20% а тоа се Турската и Бошњачката заедница.

**Позитивен пример**

Општина Гостивар предвидува рамноправна употреба на турскиот јазик со останатите два службени јазици во општината. Општина Куманово употребата на јазиците ја проширува и на српскиот и ромскиот јазик, меѓутоа истата ја ограничува на ниво на седници на советот на општината.

## УПОТРЕБА НА ЈАЗИК НА ЗАЕДНИЦАТА ВО ПОСТАПКА ПРЕД ОРГАНИТЕ НА УПРАВАТА

Прашањето за употребата на јазикот на заедниците е решено со амандманските измени на Уставот и со Законот за употреба на јазик што го зборуваат најмалку 20% од граѓаните во РМ и во единиците на локалната самоуправа од 2008 година.

Кој било граѓанин кој живее во општина во која најмалку 20% од граѓаните зборуваат службен јазик различен од македонскиот јазик, во комуникацијата со подрачните единици на министерствата во таа единица на локалната самоуправа и во комуникација со министерствата може да го употребува тој службен јазик и неговото писмо. Подрачните единици и министерствата се должни да му одговорат на граѓанинот на македонски јазик и неговото кирилско писмо, како и на службениот јазик и писмо што го употребува граѓанинот. Поднесоците во управната постапка можат да се поднесуваат на службениот јазик и писмо, различен од македонскиот јазик и писмо. Ваквите поднесоци (молби, барања, жалби и сл.), органите пред кои се води постапката ги преведуваат на македонски јазик, а на граѓанинот му одговараат на службен македонски јазик и неговото кирилско писмо, како и на службениот јазик и писмото што го употребила странката.

Во својот последен извештај од 2011 година, Советодавниот комитет им препорачал на властите во РМ да овозможат услови неопходни за употреба на јазиците на заедниците при нивната комуникација со администрацијата во сите единици на локална самоуправа каде законот за употреба на јазиците е соодветно применлив.

Деловникот на Народниот правобранител уште пошироко го дефинирал правото на комуникација со оваа институција, утврдувајќи дека јазикот и писмото на кој е напишана претставката не претставува пречка за комуникација со народниот правобранител. Со народниот правобранител може да се комуницира на било кој јазик и писмо.

**<u>Позитивен пример</u>**

Имајќи ја предвид улогата на Народниот правобранител во општеството како заштитник на граѓаните и други лица кога нивните права им се повредени од страна на органите на државната управа, за поздравување е одлуката на оваа институција лицата да може да ја комуницираат и и достават претставка на било кој јазик и писмо.

Јазикот и писмото на кој е напишана претставката не претставува пречка за комуникација со народниот правобранител.

## <u>УПОТРЕБА НА ЈАЗИК НА ЗАЕДНИЦАТА ВО СУДСКИ ПОСТАПКИ</u>

**<u>А. Кривична постапка</u>** - службен јазик е македонскиот јазик и неговото кирилско писмо, а друг службен јазик што го зборуваат најмалку 20% од граѓаните и неговото писмо, се користи во согласност со Законот за кривичната постапка. Доколку обвинетиот или друг учесник во постапката зборува службен јазик различен од македонскиот, има право во текот на судските дејствија да го употребува тој јазик и писмо, може поднесоците да ги упатува на својот јазик и писмо, како и да ги добива поканите и другите писмена на другиот службен јазик. Поради слабото ниво на спроведување на дел од овие одредби во пракса, Советодавниот комитет на РКНМ побарал од државата да продолжат со обучување и вработување на квалификувани преведувачи во насока на ефективно спроведување на одредбите за употреба на малцинските јазици (друг службен јазик) во кривичната постапка.

**<u>Б. Прекршочна постапка</u>** – судовите во прекршочната постапка ги применуваат одредбите од Законот за кривичната постапка кои се однесуваат на употребата на јазикот од страна на учесниците. Доколку за обвинетиот постои основано сомнение дека сторил прекршок и за кој судот одредил задржување, истиот има право веднаш да биде известен на мајчин јазик или јазикот што го разбира за причините за задржување. Законодавецот со оваа одредба оставил простор органот/судот слободно да цени на кој јазик задржаното лице ќе биде информирано за причините за задржувањето, поточно не секогаш тоа ќе биде мајчиниот јазик на лицето припадник на некоја од заедниците, туку тоа може да биде и друг јазик што тоа лице го разбира.

**<u>В. Парнична постапка</u>** - Парничната постапка се води на македонски јазик и неговото кирилско писмо, а се користи и друг службен јазик и неговото писмо што го зборуваат најмалку 20% од граѓаните. Странките и другите учесници во постапката, чиј јазик не е друг службен јазик различен од македонскиот јазик, во постапката имаат право пред судот да го употребуваат својот јазик на тој начин што на нив ќе им се обезбеди усно преведување на нивниот јазик, а трошоците за преведувањето паѓаат на товар на Буџетот на РМ. Во судовите кои се наоѓаат на подрачјето на единиците на локалната самоуправа во која покрај македонскиот јазик, службен е и јазикот на припадниците на заедницата што го зборуваат најмалку 20% од граѓаните, текстот на доставницата е напишан и на тој јазик и писмо. Во интерес на задоволување на правичноста и остварување на правдата, нашиот законодавец предвидел судот **да не може да одбие доказ за факт само затоа што е напишан на јазик на заедниците на странките или други учесници на постапката државјани на РМ.** Трошоците за превод на ваквите докази паѓаат на товар на Буџетот на РМ.

## УПОТРЕБА НА ЈАЗИК НА ЗАЕДНИЦАТА ВО ЕВИДЕНЦИИТЕ

**А. Лична карта** - Образецот на личната карта се печати на македонски јазик и неговото кирилско писмо и на англиски јазик и неговото писмо. На граѓаните кои зборуваат службен јазик различен од македонскиот јазик, образецот на личната карта се печати и податоците во него се запишуваат и на службениот јазик и писмото што го употребува граѓанинот. На граѓаните кои зборуваат јазик различен од службениот јазик, на нивно лично барање, податоците за личното име што се внесуваат во личната карта се запишуваат на македонски јазик и неговото кирилско писмо и на јазикот и писмото што го употребува граѓанинот.

**Б. Патна исправа** - Обрасците на патните исправи се печатат на македонски јазик и неговото кирилско писмо, со превод на англиски и француски јазик и нивното писмо. На граѓаните кои зборуваат службен јазик различен од македонскиот јазик, на нивно лично барање, образецот на пасошот и патниот лист се печати и на службениот јазик и писмо, а податоците кои се внесуваат во пасошот може да се запишат и на службениот јазик и писмото што го употребува граѓанинот. Слично како и во случајот со издавањето на лични карти, на граѓаните кои зборуваат јазик различен од службениот јазик, на нивно лично барање, податоците за личното име што се внесуваат во пасошот се запишуваат на македонски јазик и неговото кирилско писмо и на јазикот и писмото што го употребува граѓанинот.

Сепак во пракса постојат недоследности во примената на овие одредби кои произлегуваат од неможноста на постоечкиот систем да одговори на личните барања на граѓаните во насока на употреба на соодветното писмо на јазикот за кое е поднесено барањето (пр: српски јазик). Исто така, услужниот сајт на Министерството за внатрешни работи на РМ ги информира граѓаните за начинот и постапката на издавање лична карта, меѓутоа не ги известува за можноста, доколку се припадници на некоја од помалубројните заедници во РМ и зборуваат јазик различен од службениот, по сопствено барање личното име да му биде внесено во документот и на јазикот и писмото кои ги користи тој граѓанин. Вакво известување соодветно постои во делот на начинот и постапката за издавање на патна исправа.

**В. Матична евиденција** – Согласно законот за матичните евиденции, во подрачјата на единиците на локалната самоуправа во кои најмалку 20% од граѓаните зборуваат службен јазик различен од македонскиот јазик, образецот на матичните книги се печати и податоците во него се запишуваат и на службениот јазик и писмото што го употребува граѓанинот. Изводите што се издаваат врз основа на овие матични книги се издаваат и на службениот јазик и писмото што го употребува граѓанинот. Лицето припадник на заедницата кое зборува службен јазик различен од македонскиот има право да побара извод на својот јазик од матичната книга на родените, матичната книга на умрените, матичната книга на венчаните и други евиденции согласно закон. Согласно Упатството донесено од Министерот за правда на РМ матичните книги се водат според обрасци на македонски јазик или на македонски и албански јазик, а изводите од матичните книги се издаваат на соодветен образец исто така на македонски јазик и

писмо, или на македонски и албански јазик. **Единствено во обрасците за интернационален извод од матична книга се користи и турскиот јазик.**

**Заклучок:** Согласно постоечките законски прописи, лице припадник на некоја од петте помалубројни заедници (граѓанин кој зборува јазик различен од службениот јазик) има право да побара неговото лично име да биде внесено во личната карта и патната исправа на јазикот и писмото што го употребува граѓанинот. Во пракса постојат недоследности при спроведувањето на ова право во делот на писмото кое го користи граѓанинот.90 Изводите од матичната евиденција се издаваат на македонски јазик, или двојазично – на македонски и на албански јазик, за лицата кои зборуваат службен јазик различен од македонскиот јазик.

## УПОТРЕБА НА ЈАЗИК И ПИСМО НА ЗАЕДНИЦИТЕ ЗА ИМИЊА НА УЛИЦИ И СЛ.

Согласно РКНМ, РМ се обврзува да им го признае правото на заедниците на својот малцински јазик да презентираат натписи, знаци и други информации од приватен карактер видливи за јавноста. РМ, согласно конвенцијата, се обврзала на јазикот на заедниците да ги презентира локалните традиционални називи, имињата на улиците и други топографски ознаки.

Општините се надлежни и за определувањето на имиња на улици, плоштади, мостови и други инфраструктурни објекти, а условите и начинот на определување имиња се регулирани со посебен закон. Името се определува со одлука на советот, при што мора да има мнозинство гласови од присутните членови на советот кои припаѓаат на заедниците кои не се мнозинско население во општината. Во општината во која најмалку 20% од граѓаните кои користат друг службен јазик различен од македонскиот јазик, името на улицата, плоштадот, мостот и на друг инфраструктурен објект, покрај на македонски јазик и неговото кирилско писмо, се пишува и на јазикот и писмото што го користат најмалку 20% од граѓаните во таа општина. Доколку со некое име се нарушуваат односите меѓу заедниците, обичаите или се навредуваат граѓаните, истото не може да се определи како име на улица, плоштад и т.н.

Од страна на Министерството за транспорт и врски донесен е правилник кој подетално го регулира прашањето на спроведувањето на одредбите од законот за определување на имиња на улици, плоштади, мостови и на други инфраструктурни објекти во пракса. Соодветно, текстот на таблата за означување имиња на улица, булевар, кеј, како и имиња на мост, плоштад и друг инфраструктурен објект се испишува на македонски јазик и кирилско писмо, а во општината во која најмалку 20% од граѓаните користат друг службен јазик различен од македонскиот јазик, покрај на македонски јазик и неговото кирилско писмо, се испишува и на јазикот и писмото што го користат најмалку 20% од граѓаните. Ваквата пракса е во согласност со препораката на Советодавниот комитет на РКНМ согласно која двојазичноста или повеќејазичноста на таблите и знаците треба да се промовира бидејќи упатува порака на хармонија и соживот меѓу различните заедници кои ја населуваат таа територија.

Советодавниот комитет на РКНМ нотирал дека двојазични, па дури и тројазични (македонски, албански и турски јазик) знаци се користат во оние општини каде припадниците на соодветните заедници претставуваат најмалку 20% од локалното

население, а забележал и тренд на зголемување на имињата на лица или настани, како имиња на улици и други инфраструктурни објекти, поврзани со историјата или од значење за одредена заедница.

## УПОТРЕБА НА ЗНАМИЊАТА НА ПРИПАДНИЦИТЕ НА ЗАЕДНИЦИТЕ

### 1. Правна рамка

Заради изразување на својот идентитет и особености, заедниците во РМ имаат право да употребуваат знаме кое тие го избрале и го употребуваат во јавниот, службениот и приватниот живот на начин утврден со овој закон.

Советот на единицата на локалната самоуправа носи одлука за употребата на знамето во јавниот и службениот живот, а во случаите кога во општината припадници на заедница се повеќе од 50% од населението, тогаш пред и во објектите на органите на единицата на локалната самоуправа се истакнати знамето на РМ и знамето на таа заедница. Во овие единици на локалната самоуправа доколку се истакне знамето на таа заедница, се истакнува и знамето на РМ при мултилатерални настани, натпревари и други собири, како и при прослави, свечености и други јавни културни, спортски и слични манифестации кои се од значење за единицата на локалната самоуправа.

Припадниците на заедниците во РМ знамето преку кое го изразуваат својот идентитет и особеностите имаат право да го употребуваат во приватниот живот и при одржувањето на културни, спортски и други приредби што ги организираат припадниците на заедниците во РМ.

Со закон се определува и начинот на истакнување на знамињата, а знамето на РМ секогаш кога се истакнува со други знамиња на заедниците, е со поголема димензија од една третина од другите знамиња.

### 2. Спроведување на правото во пракса

Имајќи го предвид високиот праг на застапеност на општинско ниво кое го бара законот за употреба на знамињата на заедниците во јавниот и службениот живот (граѓани припадници на заедницата да се повеќе од 50% од населението во таа единица на локалната самоуправа), само во мал број на општини ова право е применливо во пракса. Соодветно, правото на употреба на знамето на заедниците, покрај Албанската заедница, може единствено да го искористат уште и припадниците на турската заедница во 2 општини - Пласница и Центар Жупа, како и припадниците на ромската заедница во општината Шуто Оризари.

За ова право да биде спроведено во пракса, потребно е Советот на единицата на локалната самоуправа да донесе одлука за употребата на знамето на заедницата во јавниот и службениот живот. Припадниците на помалубројните заедници може знамето на заедницата да го употребуваат во приватниот живот и при одржувањето на културни, спортски и други приредби што не се организирани од општинските или други власти, туку ги организираат и самите припадници на заедниците во РМ.

## УПОТРЕБА НА ЈАЗИЦИТЕ НА ПРИПАДНИЦИТЕ НА ЗАЕДНИЦИТЕ ВО ЕЛЕКТРОНСКИТЕ И ПЕЧАТЕНИТЕ МЕДИУМИ

### 1. Правна рамка

Со Уставот на РМ на припадниците на заедниците им се гарантира правото слободно да го изразуваат, негуваат и развиваат својот идентитет и особеностите на своите заедници. Меѓудругото, ова уставно загарантирано право припадниците на заедниците во РМ го остваруваат и преку издавање на печатени медиуми и емитување програмски содржини на своите мајчини јазици.

Во РМ не постојат правни пречки за основање на весници – истото се остварува согласно домашниот Закон за трговските друштва. Соодветно, секој трговец, според утврдената дејност и согласно закон, а заради остварување добивка со производство, трговија и давање услуги, може да врши издавачка и печатарска дејност и други работи поврзани со трговијата со книги и уметнички творби.

Вршењето на радиодифузната дејност во РМ, меѓудругото, има за цел и поттикнување, унапредување и заштита на културниот идентитет и поттикнување на развој на творештвото, јазикот и традициите. Соодветно, културни и други установи и здруженија на граѓани можат да основаат непрофитна радиодифузна установа со цел за да се задоволат потребите и интересите на специфични целни групи.

Радиодифузерите ја емитуваат програмата на македонски јазик, како и на јазик на немнозинска заедница во случаите кога програмата е наменета за таа заедница.

Како програмски стандарди и принципи, меѓудругото, се предвидуваат и отвореност на програмите за изразување на различните култури што се составен дел на општеството и зачувување и негување на националниот идентитет, јазичната култура и домашното творештво. Во таа насока, радиодифузерите се должни дневно да емитуваат најмалку 30% програма изворно создадена на македонски јазик или на јазиците на немнозинските заедници кои живеат во РМ, при што во дневното време на емитување не се смета времето одредено за вести, спортски настани, игри, рекламирање и сл. услуги. Радиодифузерите се должни да обезбедат најмалку 30% од емитуваната вокално-инструментална музика да биде на македонски јазик или на јазикот на етничките заедници кои не се мнозинство во РМ.

Согласно домашната правна рамка јавното радиодифузно претпријатие (Македонска Радио Телевизија) има обврска да емитува еден телевизиски програмски сервис на македонски јазик и еден телевизиски програмски сервис на јазикот што го зборуваат најмалку 20% од граѓаните кој е различен од македонскиот јазик (албански) и на другите немнозински заедници (турска, ромска, српска, бошњачка и влашка заедница). Слична е обврската која се однесува на емитување на радиопрограмски сервис на јазиците на петте помалубројни заедниците.

### 2. Спроведување на правото во пракса

Како што забележува Македонскиот Институт за Медиуми во сојата анализа од 2011 година, состојбата била таква што најбројната етничка заедница во РМ – албанската, има најголем број на печатени и електронски медиуми, додека останатите помалубројни заедници се соочуваат со сериозен недостаток од медиумски содржини.

**Регистар на радиодифузерите што емитуваат телевизиска програма**

| Јавен сервис | | | | |
|---|---|---|---|---|
| **Р.бр.** | **Скратен назив на радиодифузерите** | **Ниво на гледаност (државно, регионално или локално)** | **Подрачје на кое се врши дејноста** | **Јазик-јазици на емитување** |
| 1 | Македонска телевизија-Прв програмски сервис | Државно | Територија на Република Македонија | Македонски јазик |
| 2 | Македонска телевизија-Втор програмски сервис | Државно | Територија на Република Македонија | Албански јазик, Турски јазик, Босански јазик, Српски јазик, Влашки јазик, Ромски јазик. |
| 3 | Македонска телевизија-Прв програмски сервис преку сателит | Државно | Територија на Република Македонија | Македонски јазик |
| 4 | Македонска телевизија-Втор програмски сервис преку сателит | Државно | Територија на Република Македонија | Албански јазик |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| 5 | Македонска телевизија-Собраниски сервис | Државно | Територија на Република Македонија | Дуал тон-Македонски јазик и Албански јазик |

| **ТВ на државно ниво преку оператор на дигитален терестриален мултиплекс** | | | | |
|---|---|---|---|---|
| **Р.бр.** | **Скратен назив на радиодифузерите** | **Ниво на гледаност (државно, регионално или локално)** | **Подрачје на кое се врши дејноста** | **Јазик-јазици на емитување** |
| 1 | ТВ Алфа | Државно | Територија на Република Македонија | Македонски јазик |
| 2 | ТВ Алсат М | Државно | Територија на Република Македонија | Албански јазик, Македонски јазик |
| 3 | ТВ Канал 5 | Државно | Територија на Република Македонија | Македонски јазик |
| 4 | ТВ Сител | Државно | Територија на РепубликаМакедонија | Македонски јазик |
| 5 | ТЕЛМА ДООЕЛ СКОПЈЕ | Државно | Територија на Република Македонија | Македонски јазик |

| **ТВ на државно ниво преку оператор на јавна електронска комуникациска мрежа** | | | | |
|---|---|---|---|---|
| **Р.бр** | **Скратен назив на радиодифузерите** | **Ниво на гледаност (државно, регионално или локално)** | **Подрачје на кое се врши дејноста** | **Јазик-јазици на емитување** |
| 1 | КОМПАНИ 21-М | Државно | Територија на Република Македонија | Албански јазик, Македонски јазик |
| 2 | ТВ ШЕЊА ДООЕЛ СКОПЈЕ | Државно | Територија на Република Македонија | Албански. Турски и Македонски јазик |
| 3 | ТЕЛЕВИЗИЈА НОВА ДООЕЛ | Државно | Територија на Република | Македонски јазик |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | СКОПЈЕ | | Македонија | |
| 4 | АРТ ЧАННЕЛ ДООЕЛ еспорт импорт Тетово | Државно | Територија на Република Македонија | Албански јазик, Македонски јазик |

| **ТВ на државно ниво преку сателит** | | | | |
|---|---|---|---|---|
| **Р.бр** | **Скратен назив на радиодифузерите** | **Ниво на гледаност (државно, регионално или локално)** | **Подрачје на кое се врши дејноста** | **Јазик-јазици на емитување** |
| 1 | ТВ 24 Вести | Државно ниво преку сателит | Територија на Република Македонија | Македонски јазик |
| 2 | ТВ Канал 5 Плус | Државно | Територија на Република Македонија | Македонски јазик |
| 3 | ТВ Наша ТВ | Државно | Територија на Република Македонија | Македонски јазик |
| 4 | ТВСител 3 | Државно | Територија на Република Македонија | Македонски јазик |
| 5 | ТВ Сонце | Државно | Територија на Република Македонија | Македонски јазик |

| **ТВ на регионално ниво преку оператор на јавна електронска комуникациска мрежа која не користи ограничен ресурс** | | | | |
|---|---|---|---|---|
| **Р.бр** | **Скратен назив на радиодифузерите** | **Ниво на гледаност (државно, регионално или локално)** | **Подрачје на кое се врши дејноста** | **Јазик-јазици на емитување** |
| 1 | ТВ Амазон | Регионално | Д 1 Црн врв Скопје | Македонски јазик |
| 2 | ТВ Тера | Регионално | Д 5 Пелистер Битола | Македонски јазик |
| 3 | ТВ М | Регионално | Д 6 Мали Влај Охрид | Македонски |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | | | | јазик |
| 4 | ТВ Стар | Регионално | Д 3 Туртел Штип | Македонски јазик |
| 5 | ТВ КАНАЛ ВИС | Регионално | Д 4 Боскија Радовиш | Македонски јазик |
| 6 | ТВ ИРИС | Регионално | Д 3 Туртел Штип | Македонски јазик |
| 7 | ТВ КАНАЛ ВИЗИЈА | Регионално | Д 5 Пелистер Битола | Македонски јазик |
| 8 | ТВ КОБРА | Регионално | Д 4 Боскија Радовиш | Македонски јазик |
| 9 | ТЕЛЕВИЗИЈА УСКАНА ЕДЕН ТЕТОВО | Регионално | Д 8 Попова Шапка Тетово | Албански и Македонски јазик |

| **ТВ на регионално ниво преку оператор на дигитален терестриален мултиплекс** | | | | |
|---|---|---|---|---|
| Р.бр | **Скратен назив на радиодифузерите** | **Ниво на гледаност (државно, регионално или локално)** | **Подрачје на кое се врши дејноста** | **Подрачје на кое се врши дејноста** |
| 1 | ТВ ЕДО | Регионално | Д 1 Црн Врв Скопје | Босански јазик и Македонски јазик |
| 2 | ТВ Ера | Регионално | Д 1 Црн Врв Скопје | Албански јазик и Турски јазик |
| 3 | ТВ МТМ | Регионално | Д 1 Црн Врв Скопје | Македонски јазик |
| 4 | ТВ ШУТЕЛ | Регионално | Д 1 Црн Врв Скопје | Ромски јазик и Македонски јазик |
| 5 | ТВ КТВ | Регионално | Д 1 Црн Врв Велес | Македонски јазик |
| 6 | КАНАЛ ЕДЕН ТЕЛЕВИЗИЈА | Регионално | Д 1 Црн Врв Велес | Македонски јазик |
| 7 | КТРИ ТЕЛЕВИЗИЈА ДООЕЛ Куманово | Регионално | Д 2 Страцин Куманово | Македонски јазик и Албански јазик |
| 8 | ТВ Сител 2 | Регионално | Д 2 Страцин Куманово | Македонски јазик |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| 9 | ХДТВ КАНАЛ ПЛУС ДООЕЛ Скопје | Регионално | Д 3 Туртел Штип | Македонски јазик |
| 10 | ХДТВ МЕГА ДООЕЛ Скопје | Регионално | Д 5 Пелистер Битола | Македонски јазик и Албански јазик |
| 11 | РЕГИОНАЛНА ТВ 02 ДООЕЛ Скопје | Регионално | Д 6 Мали Влај Охрид | Македонски јазик и Албански јазик |
| 12 | ТВ КАНАЛ три | Регионално | Д 7 Стогово Дебар | Македонски, Албански и Турски јазик |
| 13 | ТВ КИСС | Регионално | Д 8 Попова Шапка Тетово | Македонски јазик |
| 14 | ТВ КОХА | Регионално | Д 8 Попова Шапка Тетово | Албански јазик |
| 15 | ТВ УЛТРА | Регионално | Д 8 Попова Шапка Тетово | Македонски јазик и Албански јазик |

| **ТВ на локално ниво преку оператор на јавна електронска комуникациска мрежа** | | | | |
|---|---|---|---|---|
| **Р.бр** | **Скратен назив на радиодифузерите** | **Ниво на гледаност (државно, регионално или локално)** | **Подрачје на кое се врши дејноста** | **Подрачје на кое се врши дејноста** |
| 1 | ТВ Феста | Локално | Општина Куманово, Липково и Старо Нагоричане | Албански јазик |
| 2 | ТВ Хана | Локално | Општина Куманово, Липково и Старо Нагоричане | Албански јазик |
| 3 | ТВ Нова | Локално | Општина Гевгелија, Валандово и Богданци,Дојран | Македонски јазик |
| 4 | ТВ Кочани-ЛД | Локално | Општина Кочани,Виница и Чешиново | Македонски јазик |
| 5 | ТВ Канал 8 | Локално | Општина Кочани,Виница и Чешиново | Македонски јазик |
| 6 | ТВ Пролет | Локално | Општина Пробиштип и Кратово | Македонски јазик |
| 7 | ТВ Интел | Локално | Општина Струмица,Василево, | Македонски јазик |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | | | Босилево и Ново Село | |
| 8 | ТВ КАНАЛ 21 | Локално | Општина Велес,Чашка и Градско | Македонски јазик |
| 9 | ТВ Здравкин | Локално | Општина Велес,Чашка и Градско | Македонски јазик |
| 10 | ТВ Свет | Локално | Опшина Свети Николе и Лозово | Македонски јазик |
| 11 | ТВ Лажани | Локално | Општина Долнени,Прилеп и | Македонски и Босански јазик |
| 12 | ТВ Орбис | Локално | Општина Битола,Могила,Новаци и Ресен | Македонски јазик |
| 13 | ТВ Морис | Локално | Општина Охрид и Дебарца | Македонски јазик |
| 14 | ТВ Калтрина | Локално | Општина Струга и Вевчани | Албански и Македонски јазик |
| 15 | ТВ Спектра | Локално | Општина Струга и Вевчани | Македонски јазик |
| 16 | ТВ Дибра<br>ТВ Дебар | Локално | Општина Дебар,Центар Жупа Маврова и Ростуше | Албански и Македонски јазик |
| 17 | ТВ Гурра | Локално | Општина Кичево,Пласница и Македонски Брод | Албански и Македонски јазик |
| 18 | ТВ Аниса | Локално | Општина Кичево,Пласница и Македонски Брод | Македонски јазик |
| 19 | ТВ Дуе | Локално | Општина Гостивар, Врапчиште и Боговиње | Албански и Македонски јазик |
| 20 | Г-ТВ ТЕЛЕВИЗИЈА | Локално | Општина Гостивар, Врапчиште и Боговиње | Албански,Македонски и Турски јазик |
| 21 | ТВ ПЛУС | Локално | Општина Куманово,Липково и Старо Нагоричане | Македонски и Српски јазик |
| 22 | ТЕЛЕВИЗИЈА УСКАНА МЕДИА ДООЕЛ КИЧЕВО | Локално | Општина Кичево,Пласница и Македонски Брод | Албански и Македонски јазик |

## Регистар на радиодифузери што емитуват радио програма

| **Јавен сервис** | | | | |
|---|---|---|---|---|
| **Р.бр** | **Скратен назив на радиодифузерот** | **Ниво на слушеност (државно,регионално и локално** | **Подрачје на кое се врши дејноста сервис на зона** | **Јазик- јазици на емитување** |
| 1 | Македонско радио-Прв програмски сервис | Државно | Целата територија на Република Македонија | Македонски јазик |
| 2 | Македонско радио-Втор програмски сервис | Државно | Целата територија на Република Македонија | Македонски јазик |
| 3 | Македонско радио-Трет програмски сервис | Државно | Целата територија на Република Македонија | Албански, Турски, Босански, Српски, Влашки и Ромски |

| **РА на државно ниво преку терестриален предавател** | | | | |
|---|---|---|---|---|
| **Р.бр** | **Скратен назив на радиодифузерот** | **Ниво на слушеност (државно,регионално и локално** | **Подрачје на кое се врши дејноста сервис на зона** | **Јазик- јазици на емитување** |
| 1 | РА Канал 77 | Државно | Целата територија на Република Македонија | Македонски јазик |
| 2 | РА Рос Метрополис | Државно | Целата територија на Република Македонија | Македонски јазик |
| 3 | РА Слободна Македонија | Државно | Целата територија на Република Македонија | Македонски јазик |

| **РА на регионално ниво преку терестриален предавател** | | | | |
|---|---|---|---|---|
| **Р.бр** | **Скратен назив на радиодифузерот** | **Ниво на слушеност (државно,регионално и локално** | **Подрачје на кое се врши дејноста сервис на зона** | **Јазик- јазици на емитување** |
| 1 | РТД АРАЧИНА ДООЕЛ, Скопје | Регионално | Скопје | Албански јазик |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| 2 | РА Буба Мара | Регионално | Скопје | Македонски и Српски јазик |
| 3 | РА Вати | Регионално | Скопје | Албански јазик |
| 4 | РА ЗОНА М-1 | Регионално | Скопје | Македонски јазик |
| 5 | УРБАН ФМ РАДИО | Регионално | Скопје | Македонски јазик |
| 6 | РА Клуб ФМ | Регионално | Скопје | Македонски јазик |
| 7 | РА Лајф ФМ | Регионално | Скопје | Македонски јазик |
| 8 | РА Роса АБ | Регионално | Скопје | Македонски јазик |
| 9 | РА РФМ | Регионално | Скопје | Македонски јазик |
| 10 | РА Сити | Регионално | Скопје | Македонски јазик |
| 11 | РА Скај | Регионално | Скопје | Македонски јазик |
| 12 | ХЕПИРАДИО ДООЕЛ Скопје | Регионално | Скопје | Македонски јазик |
| 13 | РА Спортско радио 90.3 | Регионално | Скопје | Македонски јазик |
| 14 | УНИВЕРЗИТЕТСКО РАДИО СТУДЕНТ ФМ 92.9 | Регионално | Скопје | Македонски јазик |
| 15 | КАПИТОЛ РАДИО | Регионално | Скопје | Македонски јазик |
| 16 | РА Фортуна | Регионално | Скопје | Македонски јазик |
| 17 | РА Цез ФМ | Регионално | Скопје | Македонски јазик |

| **РА на локално ниво преку теретриален предавател** | | | | |
|---|---|---|---|---|
| **Р.бр** | **Скратен назив на радиодифузерот** | **Ниво на слушеност (државно,регионално и локално** | **Подрачје на кое се врши дејноста сервис на зона** | **Јазик- јазици на емитување** |
| 1 | Скај радио плус | Локално | Берово | Македонски јазик |
| 2 | РА 106 | Локално | Битола | Македонски јазик |
| 3 | РА Актуел | Локално | Битола | Македонски јазик |
| 4 | РА Б -97 | Локално | Битола | Македонски јазик |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| 5 | РА Делфин | Локално | Битола | Македонски јазик |
| 6 | УНИВЕРЗИТЕТСКО РАДИО УКЛО ФМ БИТОЛА | Локално | Битола | Македонски јазик |
| 7 | РА Валандово | Локално | Валандово | Македонски јазик |
| 8 | РА Голди | Локално | Велес | Македонски јазик |
| 9 | РА Мерак 5 ФМ | Локално | Велес | Македонски јазик |
| 10 | РА Ла Коста | Локално | Виница | Македонски јазик |
| 11 | РА Комета | Локално | Гостивар | Македонски јазик |
| 12 | РА ПРО-ФМ | Локално | Гостивар | Албански јазик |
| 13 | БАЛКАН ФМ РАДИО ДООЕЛ Гостивар | Локално | Гостивар | Македонски, Албански и Турски јазик |
| 14 | РА Тајм | Локално | Гевгелија | Македонски јазик |
| 15 | РА Зора | Локално | Делчево | Македонски јазик |
| 16 | РА ГАЛАКСИ 2002 | Локално | Кавадарци | Македонски јазик |
| 17 | РА Кавадарци | Локално | Кавадарци | Македонски јазик |
| 18 | РА Александар Македонски | Локално | Кичево | Македонски јазик |
| 19 | РАДИО АКОРД ДООЕЛ КИЧЕВО | Локално | Кичево | Македонски јазик |
| 20 | РА МЕДИСОН | Локално | Кичево | Македонски јазик |
| 21 | РА Ускана Плус | Локално | Кичево | Албански јазик |
| 22 | РА КОЧАНИ | Локално | Кочани | Македонски јазик |
| 23 | РА Албана | Локално | Куманово | Албански јазик |
| 24 | РА Браво | Локално | Куманово | Македонски јазик |
| 25 | РА БУМ | Локално | Куманово | Македонски и Српски јазик |
| 26 | РАДИО ЈЕХОНА ФМ Куманово | Локално | Куманово | Албански јазик |
| 27 | РА Пулс | Локално | Неготино | Македонски јазик |
| 28 | РА ЛАВ | Локално | Охрид | Македонски јазик |
| 29 | РА МХ | Локално | Охрид | Македонски |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | | | | јазик |
| 30 | РА Супер | Локално | Охрид | Македонски јазик |
| 31 | РА 5 Чоки | Локално | Прилеп | Македонски јазик |
| 32 | РА Мефф | Локално | Прилеп | Македонски јазик |
| 33 | РА Холидеј | Локално | Прилеп | Македонски јазик |
| 34 | РА ЕКО | Локално | Пробиштип | Македонски јазик |
| 35 | РА Модеа | Локално | Свети Николе | Македонски јазик |
| 36 | РА Свети Николе | Локално | Свети Николе | Македонски јазик |
| 37 | ТРД РТВ ДРИНИ ДООЕЛ Струга | Локално | Струга | Македонски јазик |
| 38 | ПЛЕЈ РАДИО Струга | Локално | Струга | Македонски јазик |
| 39 | РА Ррапи | Локално | Струга | Албански јазик |
| 40 | РА Експрес | Локално | Струга | Македонски јазик |
| 41 | РА Хит | Локално | Струга | Македонски јазик |
| 42 | РА Бела | Локално | Тетово | Албански јазик |
| 43 | РА Кисс | Локално | Тетово | Македонски јазик |
| 44 | РА Плус Форте | Локално | Тетово | Македонски јазик |
| 45 | РА Фама | Локално | Тетово | Албански јазик |
| 46 | РА Ред ФМ | Локално | Тетово | Албански јазик |
| 47 | ЕНЏЕЛС ФМ ДООЕЛ Штип | Локално | Штип | Македонски јазик |
| 48 | УНИВЕРЗИТЕТСКО РАДИО УГД ФМ | Локално | Штип | Македонски јазик |

**ЕЛЕКТРОНСКИ МЕДИУМИ**

Според податоците на **Агенција за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги**, во 2017 година, во РМ со радиодифузна дејност се занимавале **136** радиодифузери, од кои **71** емитуваат радиопрограма, а **65** телевизиска програма.

Од радиодифузерите кои емитуваат радиопрограма, едно е јавно радиодифузно претпријатие, **67** се трговски радиодифузни друштва и три се непрофитни радиодифузни

установи. Од радиодифузерите кои емитуваат телевизиска програма, едно е јавно радиодифузно претпријатие, а **64** се трговски радиодифузни друштва.

На **Вториот телевизиски канал** се емитува програма на немнозинските заедници во РМ. На него се емитува програма на албански јазик, на турски јазик, како и емисиите на српски, ромски, влашки и босански јазик.

Програма на влашки јазик се емитува три пати неделно по 30 минути и секоја четврта недела по еден час, во понеделник и петок со времетраење од 14,30 до 15часот, а во среда со времетраење од 15, 30 до 16 часот.

Програма на српски јазик се емитува три пати неделно по 30 минути и секоја четврта недела по еден час, во понеделник и петок со времетраење од 15,30 до 14 часот и среда од 14,30 до 15 часот.

Програма на турски јазик се емитува секој ден во времетраење од 2,30 часа.

Програма на босански јазик се емитува три пати неделно по 30 минути и секоја четврта недела по еден час, во вторник и сабота со времетраење од 14, 30 до 15 часот, а во четврток од 15 часот до 15,30 часот.

Сите пет јазици на помалубројните заедници се застапени на програмите на јавниот радиодифузен сервис. Направени се напори за дополнителни вработувања во програмите и редакциите на јазиците што ги зборуваат немнозинските заедници

Од податоците на Агенција за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги во Република Македонија,состојбата со приватните радиодифузери кои емитуваат програма на некој од јазиците на помалубројните заедници,во 2017 година е следна:

**Трговски радиодифузни друштва- телевизиска програма**

Албански и турски јазик ( ТВ ЕРА )
Албански ,турски и македонски јазик ( ТВ ШЕЊА,Г-ТВ ТЕЛЕВИЗИЈА,ТВ КАНАЛ ТРИ )
Македонски и босански јазик ( ТВ ЕДО, ТВ ЛАЖАНИ )
Ромски и македонски јазик (ТВ ШУТЕЛ )
Македонски и српски јазик (ТВ ПЛУС )

**Трговски радиодифузни друштва- падио програми**

Македонски и српски јазик ( РА БУМ )
Македонски , албански и турски јазик (БАЛКАН ФМ РАДИО ДООЕЛ ГОСТИВАР)

**ПЕЧАТЕНИ МЕДИУМИ**

Состојбата со печатените медиуми на јазиците на помалубројните заедници во РМ е загрижувачка. Советодавниот комитет на РКНМ нотирал дека иако не постојат правни пречки за основање и дистрибуција на печатени медиуми на јазиците на заедниците, сепак ги посочува финансиските проблеми поради кои најголемиот дел од весниците престанале да се печатат.

Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, има податоци дека во 2017 година според јазикот на издавање има два весника, и тоа на Турски јазик (весниците „**Јени Балкан**“ и „**Заман**“).

**Заклучок**Домашната законска рамка во делот на определувањето на имињата на улиците и други инфраструктурни објекти и истакнувањето на јавни табли во целост ги задоволува барањата на РКНМ. Општините во кои припадниците на заедниците живеат во значителен број се должни да постапуваат согласно законските обврските и да ги истакнуваат таблите и на јазикот и писмото што го користат најмалку 20% од граѓаните во таа општина.